Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневните настани 14.08.2024

Денеска (14.08.2024) во 04.00 часот кај наплатна рампа Кадрифаково, свет�николско, во правец кон Свети Николе, полициски службеници од Мобилната единица за компезаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции запреле и извршиле контрола на патничко возило „мерцедес" со струмички регистарски ознаки, управувано од Т.С. од с.Радово, струмичко. Притоа, било констатирано дека со возилото се врши јавен превоз на патници без лиценца издадена од надлежен орган. На истото место во 04.20 часот, полициски службеници од Мобилната единица за компезаторни мерки при Одделот за гранични работи и миграции запреле и извршиле контрола и на патничко возило „мерцедес" со струмички регистарски ознаки, управувано од Г.Г. од с.Дабиле , струмичко. При контролата, исто така, било констатирано дека со возилото се врши јавен превоз на патници без лиценца издадена од надлежен орган. За настаните бил известен Државниот инспекторат за транспорт, од чија страна на возачите им е изречена глоба, а сообраќајните дозволи им се одземени и возилата се исклучени од сообраќај.

Денеска (14.08.2024) во 02.50 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Х.Х.(32) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.08.2024 во 23.00 часот во Свети Николе, полициски службеници од Полициската станица Свети Николе го лишиле од слобода Д.Ф.(21) од Свети Николе затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 13.08.2024 во 18.50 часот во СВР Охрид е пријавено дека од водите на Охридското езеро кај охридското село Пештани извадена е стара рачна бомба. која подоцна била безбедно подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување за натамошна постапка.

На 13.08.2024 во 08.20 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на регионалниот пат од Богданци кон Гевгелија се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „хонда" со гевгелически регистарски ознаки, управуван од К.К.(24) од Богданци, патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од Љ.Ѓ.(49) од с.Бунарџик, скопско и трактор со гевгелически регистарски ознаки, управуван од Б.Ш.(45) од Богданци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот констатирани во Општата болница во Гевгелија. Извршен бил увид од увидна екипа на ОВР Гевгелија.

На 13.08.2024 околу 07.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Иван Козаров" и бул.„Борис Трајковски", Т.А.(74) од Скопје, управувајќи велосипед, изгубил контрола и паднал. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил велосипедистот констатирани во Градската општа болница „Св. Наум Охридски" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

Денеска (14.08.2024) во 01.20 часот во Полициската станица Карпош, В.Н.(42) од Скопје пријавил дека на ул.„Бранислав Нушиќ" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 13.08.2024 во 12.00 часот во Полициската станица Карпош, Ж.М.(33) од Скопје пријавил дека на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 13.08.2024 во 15.20 часот во Стар Дојран, полициски службеници од ОВР Гевгелија - Полициско одделение Нов Дојран го лишиле од слобода Т.А.(40) од Гевгелија. Тој се сомнева дека истиот ден извршил кражба во продажен објект во Стар Дојран, при што одзел пари. Т.А. бил приведен во полициска станица и со него бил извршен службен разговор. Кај него биле пронајдени одземените пари, а за настанот бил запознаен јавен обвинителот од Основното јавно обвинителство Гевгелија. По целосно документирање на случајот, против Т.А. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 13.08.2024 во продажен објект во Струга, при извршување на кривично дело „кражба" била затекната С.К.(54) од Струга. Одземените производи се вратени на одговорното лице во објектот, а по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.Б.(49) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 14.04.2024 во Скопје, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Т.(35) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 12.02.2024 во Скопје, пријавениот физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 13.08.2023 во 00.30 часот во с.Калково, валандовско, полициски службеници од ОВР Валандово го лишиле од слобода У.Ф.(23) од с.Калково поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вонбрачен живот со малолетно лице" по член 197 од Кривичниот законик. Во неговиот дом била пронајдена М.Ј.(12) од Росоман, за која претходно нејзиниот татко пријавил дека се оддалечила од домот и заминала да живеее со У.Ф. во неговиот дом. Малолетничката била предадена на родителите и за настанот бил запознаен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (14.08.2024) во 00.10 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Ф.А.(24) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Т.А.(38) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 03.05.2024, по претходна расправија, пријавениот физички го нападнал Б.Р. и му нанел тешка телесна повреда.

На 13.08.2024 во 20.00 часот на место викано „Рамно", скопско, полициски службеници од СВР Скопје дале знак за запирање на товарно возило без регистарски ознаки натоварено со огревно дрво, но возилото продолжило со движење кон полициските службеници. Притоа, еден од полициските службеници испукал два предупредувачки куршуми во водух, по што со службеното возило тргнале по товарното возило. При движење, лице од товарното возило исфрлило дел од дрвата и го попречило патот на полициските службеници, по што товарното возило продолжило со движење кон с.Арачиново. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2024 во 20.10 часот во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница го привеле П.Ј.(60) од с.Виничка Крша затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ф.Т.(53) од с.Трново поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 12.08.2024, поради недоразбирање во сообраќајот, пријавениот физички го нападнал А.И.(44) и неговата ќерка и се обидел со остар предмет да го повреди А.И..

На 13.08.2024 во 14.30 часот во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ја пронашле С.Т.(15) од Скопје, за која претходно нејзиниот татко А.Т.(48) пријави дека се оддалечила од домот. Малолетничката била предадена на семејството.

На 13.08.2024 во 14.15 часот во СВР Скопје, Б.С.(18) од Скопје пријавил дека на 12.08.2024 околу 19.00 часот на подрачјето на општина Аеродром едно лице физички го нападнало, а потоа го снимало со телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следува соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Ј.(28) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и против И.Ј.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице при вршење работи на безбедноста". На подрачјето на Гази Баба, првопријавениот физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија, додека второпријавената ги попречувала полициските службеници кои преземале мерки за приведување на првопријавениот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Е.И.(39) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 02.02.2024, пријавениот со патничко возило удрил полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

На 13.08.2024 во 15.00 часот во СВР Скопје, А.М.(25) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2024 во 03.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар во Скопје бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.С.(22) од Скопје и Ј. „Н,. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

СВР Велес поднесе кривична пријава против П.А.(37) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 22.04.2024 во Велес, пријавениот учествувал во сообраќајна несреќа со своето патничко возило „фолксваген пасат" без да носи возачка дозвола, а на 25.04.2024 приложил фалсификувана бугарска возачка дозвола.

На 13.08.2024 во 12.30 часот во СВР Скопје, Б.И.(73) од Скопје пријавила дека околу 11.15 часот на подрачјето на Центар во Скопје, едно лице ѝ одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (14.08.2024) околу 01.20 часот во Спортско рекреативниот центар Сарај, полициски службеници од СВР Скопје го пронашле починат И.Ц.(43) од Скопје. Лекар од Итната медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.К.(37) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". Во периодот од 19.07. до 22.07.2024, пријавениот преку социјалната мрежа испраќал пораки со закаканувачка содржина на неговата поранешна сопруга.

Денеска (14.08.2024) во 02.30 часот во ОВР Берово, Р.М.(35) од Берово пријавила дека од домот се оддалечила нејзината малолетна ќерка А.М.(15). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.08.2024 во 12.40 часот, О.Д.(38) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улицата „Санде Штерјоски" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет